Social Soccer Cup

since 2004 | Gratwein-Straßengel | AUSTRIA

2027

SINCE 2004 - 4000 PLAYERS -
22 DIFFERENT COUNTRIES -
FAIR PLAY & FUN

19 JUNE 2027
GRATWEIN-STRASSENGEL
AUSTRIA

WWW.SOCIALSOCCERCUP.AT
SOCIALSOCCERCUP
SOCIALSOCCERCUP















Секоја Година, од **2004** па до денес, во месец Јуни, во општина Гратвајн-Штрасенгел се организира фудбалскиот турнир Сошал Сокер Куп (**„Social Soccer Cup“**). Општината, која според последните статистички податоци брои **13 000** жители, се наоѓа северно од градот Грац, кој пак е втор град по големина во Австрија и главен град на регионот Стирија. Целта на овој настан, пред сè, е да се соберат младинци на возраст од **12** до **16** години, од различни земји во светот и заедно да работата на разградување на предрасуди и стереотипи, како и да се иницираат заеднички проекти во иднина.
Во изминатите **22** години, на овој турнир учествуваа младински групи од **20** различни земји. Вкупно **4000** млади луѓе активно учествуваа на овој интернационален фудбалски фестивал.
Покрај културната размена, од голема важност за овој турнир е учеството на девојчиња. Уште од самиот почеток воспоставено е правило кое вели дека секој тим мора да има најмалку **1** девојче во тимот. Многу често учество на турнирот земаат и тимови кои се составени само од девојки. Покрај наградата за Фер-плеј, на завршната церемонија е секогаш предвидена и наградата за најдобра фудбалерка на турнирот.
Додека, се разбира, фудбалот го има централното место, сепак овој настан нуди многу повеќе. Атмосферата е секогаш надополнета со различни Шоу-настапи, Креативни ќошиња, зона за релаксирање, како и многу други работи, што го прави Сошал Сокер Куп многу повеќе од само фудбалски турнир.
Традиционално, на крајот на турнирот е големото финале, пред чиј почеток учесниците се пречекуваат со пиротехника и националните химни, како и специјално организирано Шоу. По натпреварот следува официјалната церемонија за доделување награди, како и извлекување на добитници на награди од публиката и секако доделување на пехарот за шампионите.
И за крај, Сошал Сокер Куп нуди можност за млади луѓе од различно потекло и различна социјална класа, од различни младински групи, преку различни активности да започнат нови интернационални пријателства и да иницираат нови проекти.
Најважните правила на Сошал Сокер Куп **(Social Soccer Cup)**:
5 играчи и **1** голман. Секој тим мора да има најмалку едно девојче во својот состав.
Доколку тимот нема девојче, истиот ќе мора да настапи со **4** играчи и **1** голман.
Старосна граница: од **12** до **16** години. Родени најдоцна на **01.01.2011** година.

Информации и Контакт:

www.socialsoccercup.at|www.facebook.com/socialsoccercup
team@clickin.cc
+43 664 / 25 21 444

Social Soccer Cup
since 2004 | Gratwein-Straßengel | AUSTRIA